Реден број на прилогот:26

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**АНИМАЛНА ХИГИЕНА**			
2.	Код	**ФЗНХ 14**			
3.	Студиска програма	**Агроекологија**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Четврта година; VII семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф. д-р Методија Трајчев** **Проф. д-р Димитар Наков**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	− Претходни општи предзнаења од биохемија, анатомија, физиологија, општо сточарство и репродукција на домашните животни, − Користење на интернет и стручно-научни списанија			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Стекнување познавања за: - влијанието на еколошките фактори врз здравјето, репродукцијата и продукцијата на домашните животни; - хигиенските аспекти на градбата на објектите за сместување, хигиената на храната и исхраната, напојувањето, негата, експлоатацијата и транспортот на животните; - мерките на санитација и профилакса на заразните и паразитните болести; - мерките за отстранување на анималната отпадна материја и мршите; - современите принципи на ДДДДД - здравственото однесување на животните - законска легислатива во оваа област. - Стекнување вештини за неопходните хигиенско превентивни мерки и принципи во интензивното сточарско производство и проценка на здравственото однесување.				
11.	**Содржина на предметната програма:** o Хигиена на воздухот, почвата и водата (хигиена на воздушната средина, почвата како хигиенски фактор, извори на водоснабдување во сточарството и хигиена на водата, хигиенска оцена на воздушната средина, хигиенска оцена на почвата, хигиенска оцена на водата, меѓусебен однос на организмот и околината); o Хигиена на храната и исхраната (дефицитарна исхрана - нарушено здравје, репродукција и продукција, загадување на храната со отпадни материи, микроорганизми и штетници од животинско потекло, загадување на храната со отровни растенија, хигиенска оцена на крмивата. хигиена на пасиштата и напасувањето, хигиенска оцена на крмивата); o Хигиена на сместувањето, одгледувањето и експлоатацијата на домашните животни (општи хигиенско-технички принципи при градба на објекти во сточарството, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на живината, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на коњите, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на говедата, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на свињите, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на овците и козите, хигиена на сместувањето, одгледувањето и експоатацијата на други животни кои човекот ги одгледува или експлоатира - зајци, риби, кучиња, мачки, лабораториски животни, хигиена на одгледувањето на работни животни, хигиена на телото, хигиена на транспорт на животните, хигиена на молзењето и превентива на болестите на млечната жлезда, хигиена на одгледувањето на младите животни, одредување на потребниот волумен на вентилација во објекти за сместување на животни, пресметување на топлотен биланс во објекти за сместување на животни, хигиена на млечната жлезда, тестови за откривање на нарушена секреција и субклинички маститис); o Хигиенско-санитарни и превентивни мерки во сточарството (отстранување и искористување на ѓубрето и урината, нештетно отстранување и искористување на мршите и отпадоците од индустријата за анимални производи, дезинфекција, дезинсекција, дератизација, дезодорација, деконтаминација, употребата на хемиски средства за ДДДДД и заштитата на животната средина, пресметување на количеството ѓубре и урина од сточарските објекти, одредување на параметри - показатели на зреењето на ѓубрето, практична примена на ДДД мерките, атестирање на ефектот од извршената дезинфекција); o Влијание на климатските промени врз здравјето на животните и нивната продуктивност.				
12.	Методи на учење: - Предавања поддржани со компјутерски и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи, студии на случај, консултации, гостин на предавања,				

	одбрана на проектна задача итн.) - Вежбите ќе бидат аудиториски, лабораториски и теренски во непосредното сточарско производство со тимска и индивидуална работа на одреден проблем-детекција на хигиенски проблем во одгледувањето фармски животни и предлог за понатамошна постапка. Ќе се практикуваат форуми, дискусии, и консултации.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време		**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**		
14.	Распределба на расположливото време		**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**		
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**65**	часови
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		**60**	бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови
	17.3	Активност и учество		**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**
		од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**
		од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**
		од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**
		од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**
		од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Минимум потребни поени од посета на теоретска и практична настава = 16 Минимум потребни поени од изработка на групна семинарска работа = 2 Минимум потребни поени од изработка на индивидуална семинарска работа = 6 Минимум потребни поени од друга практична работа или проектна активност = 6 Успешност на модуларните тестови од минимум 2x15 поени = 30			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	**Анонимна анкета на студентите**			

22. Литература

22.1 Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Мациров, Ж	Зоохигиена, второ издание	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје	1997
2.	Мациров, Ж	Практикум по зоохигиена, трето преработено и дополнето издание	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје	1997
3.	Benson, G.J. and Bernard, E.R.	The well-being of farm animals, challenges and solutions	Blackwell Publishing	2004

22.2 Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Asaj, A.	Higijena na farmi i u okolisu	Medicinska naklada, Zagreb	2003